Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-252/2
11-03-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–252/1 од 14.02.2024 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација врз основа на возраст во областа на социјална сигурност и социјалната заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Министерство за здравство на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (6) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката бр. 08–252/1 од 14.02.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на социјална сигурност и социјалната заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Министерство за здравство.

## О б р а з л о ж е н и е

На 14.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на социјалната сигурност и социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Министерството за здравство на Република Северна Македонија, а кон неа и кон група на лица – пациенти со утврдена дијагноза Дијабет тип 1 на возраст над 18 години.

Имено, претставката заведена под горниот број е второподнесена претставка од истата подносителка, [redacted] па именуваната во неа наведува дека е незадоволна од донесеното мислење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заведено под број 08-231 од 08.02.2024 година , на истото приговара на начин што со сегаподнесената претставка сака да истакне нови факти и околности па бара од Комисијата да го разгледа нејзиното образложение во кое ќе наведе толкување и аргументи на делови од Закон за здравствена заштита на кој се повикува Министерство за здравство во произнесувањето доставено од нивна страна по наводите во првоподнесената претставка.

Наведува дека правото уредено со член 16 став (1) алинеја 10, односно правото на обезбедување на цитостатици, инсулин и хормон за раст, како загарантирано право требало да биде планирано и за истото требало да бидат обезбедени средства на

годишно ниво. Во однос на алинеја 11 од овој член со кој се уредува остварување на правата преку мерки и активности утврдени со посебни програми, подносителката наведува дека се косел со член 11 од Закон за здравствена заштита со кој е уредено начелото на Квалитетен и сигурен здрвствен третман. Посочува дека во претходната претставка напоменала, но не навлегла во медицинскиот дел на болеста па истакнува дека најголемиот страв кај пациенти со Дијабет особено постарите генерации, е стравот од компликации кои ги зафаќаат сите органи. Воедно наведува дека доколку се креираат програми согласно член 16 став (1) алинеја 11 од Закон за здравствена заштита, тие би требало да бидат изготвени од страна на доктори - специјалисти по ендокринологија, да содржат јасни критериуми по меѓународно усвоени медицински параметри, по видови и подвидови дијабетес, засновани на научни, статистички и други податоци добиени од праксата. Земено предвид произнесувањето од Министерство за здравство, во кое е наведено дека во последните 15 години е подобрен третманот на болните од дијабет, подносителката го поставува прашањето - Зошто правото на инсулински пумпи во последните 15 години не е обезбедено за сите пациенти со Дијабет тип 1 со што барем делумно ќе имало приближување согласно начелото на правичност. Исто така прашува дали Одлуката на Владата на Република Северна Македонија со која се предвидени најсовремени медицински помагала за деца до 18 годишна возраст со Дијабет тип 1, бремени жени со Дијабет тип 1 и слепи лица, не е спротивно на член 11 од Закон за здравствена заштита со кој е уредено Начелото на квалитетен и сигурен здравствен третман. Подносителката ја истакнува нејаснотијата дали во најранливи категории не спаѓаат и старите лица, болни и изнемоштени и лица со физичка попреченост, со ампутации на екстремитети, на дијализа, со оштетени крвни садови и слично. Истакнува дека пациентите со Дијабет тип 1 без оглед на возраста ги имаат истите права на најнови медицински помагала. Подносителката во претставката укажува дека донесената одлука, односно мислење на Комисијата е во спротивност со одлуката на Комисијата за унапредување на правата на пациентите на град Скопје која го усвоила нејзиното барање и го доставила до надлежните институции. Истот така наведува дека нејзиното барање било усвоено и од три општини, единици на локална самоуправа во државата, и тоа Совет на Општина Карпош, Совет на Општина центар и Совет на Општина Гевгелија кои своите заклучоци ги доставиле до Собранието на Република Северна Македонија. Следствено, уште еднаш побара од Комисијата да го преиспита мислењето со број 08-231 од 08.02.2024 година затоа што со непризнавањето на индивидуално право и правото на лица со Дијабет тип 1 над 18 годишна возраст, дискриминацијата на оваа категорија пациенти во иднина уште повеќе ќе се продлабочи.

По разгледување на наводите во претставката, Комисијата констатира дека постапувала по претставка број 08-712/1 поднесена од [redacted] од Скопје, во која се наведени истите тврдења, а по која донела Мислење заведено под број 08-231/1 од 08.02.2024 година со кое не се утврдила дискриминација од страна на Министерство за здравство.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Заради сето изнесено, а со оглед да во новоподнесената претставка од [redacted] не се наведени нови факти и околности, различни од оние содржани во првоподнесената претставка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација најде дека се исполнети законските услови од **член 27 став (6) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно кој "*Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.*""**

Земено предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
11.03.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД